**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 09.03.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 15 | 354/23 | | |


**ДО:**
**Г-ѓа Тања Таневска**
**Државен завод за ревизија**

Бр. 03-99/2
Скопје, 1.03.2012 год.

Република Македонија

Академија за судии и јавни обвинители

Бул. Јане Сандански бр 12
ламела 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2401-560
Факс (02) 2401-570

Сајт www.jpacademy.gov.mk
E-Mail info@jpacademy.gov.mk

**ПРЕДМЕТ:** Доставување забелешки по однос Нацрт извештајот

**Врска:** Ваш бр. 15-354/21 од 16.2.2012 година

Почитувана г-ѓа Таневска,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на судството во решавањето на предметите“, ги доставуваме забелешките по однос на истиот во рокот определен од Ваша страна.

- Стр. 1 – Називот на институцијата е Академија за судии и јавни обвинители
- Стр. 1, пасус 3 – Континуираната обука која се спроведува е за судиите, јавните обвинители, судските и јавнообвинителските службеници
- Стр. 2, пасус 1 – Академија за судии и јавни обвинители
- Стр. 4, пасус 2 – Академија за судии и јавни обвинители
- Стр. 5, графикон – Академија за судии и јавни обвинители
- Стр. 6, пасус 1 – со континуираното стручно усовршување се опфатени и службите во јавните обвинителства
- Стр. 6, фуснота – Во Службен весник бр. 88/10 прогласен е Законот за Академијата за судии и јавни обвинители
- Стр. 9 – Академија за судии и јавни обвинители
- Стр. 10 – Во однос на законската регулатива, во Службен весник бр. 13/06 е основана Академијата за обука на судии и јавни обвинители, а во Службен весник бр. 88/10 прогласен е Законот за Академијата за судии и јавни обвинители
- Стр. 12, точка 2 – „недоволно стручно усовршување на судската служба и другите вработени“. Во однос на овој став, забелешките ни се однесуваат на следното:

  Согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (Сл. весник 88/10), континуираната обука која се однесува на стручните служби во судството и јавното обвинителство е доброволна. Истата се спроведува врз основа на посебна програма усвоена од Управниот одбор на Академијата. Програмата се изготвува врз основа на претходна анализа на мислењата и потребите на целните групи.

  Управниот одбор на Академијата усвои Рамковна програма за едукација на судските службеници (2010 – 2013) и Рамковна програма за обука на јавнообвинителски службеници (2010 – 2013), при што е заземен став дека станува збор за доста амбициозна и опсежна програма, која

во пракса треба да се реализира согласно можностите на Академијата.

Програмата за судските службеници содржи 2 модули, еден за вработените во судската служба со работно искуство до 2 години, а вториот за сите вработени со над 2 години професионално искуство. Вториот модул, заради големиот број потенцијални учесници и специфичноста на одредени работни места, поделен е на неколку подмодули, и тоа: обуки за администратори и раководители на оддели, обуки за стручни соработници, обуки за административно-технички службеници и обуки за одделни целни групи.

Програмата за јавнообвинителските службеници е поделена на 4 модули, и тоа обуки за стручни службеници, раководни службеници, стручно-административни работници и обуки за стручната служба на Советот на јавните обвинители.

Врз основа на усвоената програма, Академијата изготвува Каталог на обуки и истиот го доставува до Министерството за правда, Судски совет на РМ, Совет на јавните обвинители на РМ, судовите и јавните обвинителства, со цел заинтересираните да можат да се пријавуваат за темите за кои имаат интерес. До 2011 година каталозите кои се доставуваа беа тримесечни, а веќе оваа 2012 година е изготвен и доставен годишен каталог на обуки. Согласно Каталогот, предвидено е одржување 24 обуки, и тоа дел од нив се организирани за учесници од сите апелациони подрачја, а дел се одржуваат децентрализирано по апелационите подрачја Битола, Гостивар и Штип.

Согласно Каталогот на обуки, како и согласно расположливите човечки, материјални и технички капацитети на Академијата, а воедно и интересот на целните групи, се спроведуваат предвидените обуки.

Покрај можноста за учество на теми од Каталог на обуки за службениците, истите се во можност да земат учество и на обуките од Каталогот за судиите и јавните обвинители, и тоа, со мали исклучоци, скоро на сите теми.

Согласно податоците и евиденцијата на Академијата, во 2011, кога и започнува активно да се спроведува усвоената Програма за службениците, одржани се 24 обуки, кои ги посетиле вкупно 543 учесници. Една обука е одржана во 2012 година.

За успешна реализација на оваа активност, односно за определување на темите потребни за службениците и ангажирање предавачи за истите, Академијата остварува тесна соработка со Здружението на судската администрација.

Согласно горенаведеното, на констатација сме дека како институција нудиме доволно можности за усовршување на судската и јавнообвинителската служба.

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**

- Стр. 20, последен пасус – Академија за судии и јавни обвинители. Погоре изнесените податоци како забелешка се однесуваат и за овој став.
- Стр. 27, точка 3.2. – Континуирани обуки се спроведуваат за судиите и јавните обвинители
- Стр. 33, пасус 6 - Академија за судии и јавни обвинители

Со почит,

Директор,
Судија Анета Арнаудовска